## СОСТАНОК ПОМЕЃУ ИНСТИТУЦИИ, СКОПЈЕ, МАРТ 2016 ГОДИНА

Состанок помеѓу претставници на институции засегнати од примена на Упатството за затворање на оперативни програми од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), компоненти II, III и IV (2007-2013), организиран од страна на ДГ РЕГИО и ДГ ЕМПЛ.

Состанокот за примена на одредбите од Упатството за затворање на оперативни програми од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), компоненти II, III и IV (2007-2013), организиран од страна на ДГ РЕГИО и ДГ ЕМПЛ беше одржан во Скопје на 3 март 2016 година. На настанот покрај седум претставници на раководната структура на Ревизорското тело, присуствуваше и ГРИПА, како и претставници од други институции – НАО, Канцеларијата за поддршка на НИПАК, Националниот фонд, оперативната структура – ЦФЦД и надлежните министерства и претставници од Делегацијата на Европска Унија во Република Македонија.

Со презентациите беа опфатени следните теми – поглавја од Упатството: Општи принципи на затворање на програми, подготовка за затворање, оправданост на трошоци, доставување на документи за затворање, содржина на документите за затворање, пресметување на горните лимити за техничка помош при затворање, автоматско повлекување на неискористени средства, суспендирани операции поради законски или административни постапки, итн.

Презентациите ги вршеа експерти од ДГ РЕГИО и ДГ ЕМПЛ од Европската комисија. Присутните на настанот ги изнесоа своите коментари, сугестии на одредени одредби во врска со предложениот текст на Упатството.